СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-167/6**
Скопје, 24.02.2022 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на *член 27, став 2 точка 7* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (*Сл.весник на РСМ бр. 118/2021*), на својата 25-та седница одржана на **24.02.2022 година** ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за формирање на работна група на матични стоматолози

**Член 1**

За формирање на **работна група на матични стоматолози** при Стоматолошката комора на Македонија, како повремено работно тело на Комората.

За членови на на работна група на матични стоматолози се избираат:

1. **Д-р Борче Стојанов;**
2. **Д-р Коста Изов;**
3. **Д-р Тереза Болис Ѓуриќ;**
4. **Д-р Арбен Асани и**
5. **Д-р Дејан Гештаковски.**

**Член 2**

Работната група на матични стоматолози се формира со цел градење на заеднички став на стоматолозите во преговорите со Министерството за здравство на РСМ и ФЗОРСМ, во однос на барањата за подобри услови за работа и унапредување на стоматолошката професија.

**Член 3**

Се задолжуваат членовите на ова работно тело да изработат барање во писмена форма кое ќе ги содржи сите барања на матичните стоматолози кои ќе бидат истакнати пред надлежните институции.

**Член 4**

Со завршување на целите заради која е формирана, престанува постоењето на оваа работна група.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk